Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на РМ бр.6/12) и член 63 од Статутот на Општина Аеродром (Службен гласник на РМ бр.20/2012,23/2014,04/2019) Советот на Општина Аеродром на 4-та седница, одржана на ден 26.12.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## на Општина Аеродром во областа
## на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром
## за 2026 година

ВОВЕД

**Демографски податоци на Општина Аеродром**

**Број на жители:**

| | Пол | | В к у п н о (%) |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на жители во Општината | 40.582 | 37.153 | 77.735 |
| Процент на жители во Општината (%) | 52,20 % | 47,80 % | 100 % |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

На територија на Општина Аеродром живеат за 4,4 % повеќе жени отколку мажи.

**Демографската структура на општината според етничката припадност:**

| Етничка припадност | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Македонци | 34.940 (52,74 %) | 31.305 (47,26 %) | **66.245** |
| Албанци | 445 (52,30 %) | 406 (47,70 %) | **851** |
| Турци | 226 (48,70 %) | 238 (51,30 %) | **464** |
| Роми | 221 (48,15 %) | 238 (51,85 %) | **459** |
| Власи | 331 (50,77 %) | 321 (49,23 %) | **652** |
| Срби | 1.045 (48,49 %) | 1.110 (51,51 %) | **2.155** |
| Бошњаци | 205 | 198 | **403** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (50,87 %) | (49,13 %) | |
| Други неспомнати | 564 (48,75 %) | 593 (51,25 %) | **1.157** |
| Не се изјасниле | 31 (50,00 %) | 31 (50,50 %) | **62** |
| Непознато | 21 (53,85 %) | 18 (46,15 %) | **39** |
| Лица за кои податоците се превземени од административни извори | 2.695 (51,35 %) | 2.553 (48,65 %) | **5.248** |
| В к у п н о | **40.582** | **37.153** | **77.735** |
| Процент % | **52,20 %** | **47,80 %** | **100 %** |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година

**Просечна возраст на населението во Општина Аеродром**

| Возраст по категории | Пол | | | | В к у п н о | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | % | Машки | % | | |
| 0 – 19 години | 7.820 | 19,26 % | 8142 | 21,91 % | 15.962 | 20,53 % |
| 20-39 години | 10.027 | 24,70 % | 9.527 | 25,65 % | 19.554 | 25,16 % |
| 40-59 години | 11.277 | 27,79 % | 10.612 | 28,57 % | 21.889 | 28,16 % |
| 60-79 години | 10.158 | 25,03 % | 7.837 | 21,10 % | 17.995 | 23,15 % |
| 80-100+ години | 1.309 | 03,22 % | 1.026 | 02,77 % | 2.335 | 03,00 % |
| Вкупно | 40.582 | 100 % | 37.153 | 100 % | 77.735 | 100 % |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година, каде што се прикажани во повеќе категории.

Во Општина Аеродром просечна возраст на жени е 43,08 %, и просечна возраст на мажи е 40,96 %

**Писменост:**

| Вкупно | | | Мажи | | | Жени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| писмени | неписмени | непознато | писмени | неписмени | непознато | писмени | неписмени | непознато |
| 64.139 (98,36 %) | 104 (0,16 %) | 966 (1,48 %) | 30.188 (98,24 %) | 34 (0,11 %) | 507 (1,65 %) | 3.3951 (98,47 %) | 70 (0,20 %) | 459 (1,33 %) |
| | | | 100 % | | | 100 % | | |
| 65.209 (100 %) | | | 30.729 (47,12 %) | | | 34.480 (52,88 %) | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Аеродром има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, меѓу другото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Член 4 (1)

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој;

2. Еднаков третман е отсуство на директна или индиректна дискриминација врз основа на пол согласно со овој или друг закон;

8. Потполна еднаквост на жените и мажите се еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра помеѓу жените и мажите.

9. Еднаква застапеност е секоја процентуална застапеност на одреден пол која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација.

10. Вклучување на родовите перспективи во главните текови е интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување,

спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Оваа програма е во согласност и со целите на Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027, (Стратегија_за_родова_еднаквост_2022_2027.pdf (mtsp.gov.mk) – Службен весник 170/2022 од 28.7.2022.

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 утврдува три општи цели: 1) воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, 2) подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот и 3) сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

И покрај многубројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста меѓу жените и мажите сè уште не е реалност во секојдневниот живот. Во практика, мажите и жените, не ги уживаат истите права. Сè уште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради многубројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

Клучните идентификувани области во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и зголеми работата во 2026 година за воведување родова рамноправност се:

- Подигање на свеста за родова рамноправност и намалување на родовите стереотипи и предрасуди.

## <u>Цели</u>

Основни цели за активностите на Општина Аеродром во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2026 година се:

Цел 1: Кибернасилство – превенција и едукација.
Превенција на кибернасилство преку едукација, подигнување на свеста и градење капацитети кај младите, наставниците во Општина Аеродром.

Цел 2: Поддршка на механизми за заштита на жени жртви на родово базирано насилство.

Поддршка на сервиси за помош и заштита, како што се СОС-линии и советувалишта.

ЦЕЛ 3: Изработка на акциски план за родова еднаквост (2026 – 2029)

Во текот на 2026 година во Општина Аеродром се планира да се реализираат следниве активности од доменот на еднаквите можности.

## ЦЕЛ 1: Кибернасилство – превенција и едукација

Превенција на кибернасилство преку едукација, подигнување на свеста и градење капацитети кај младите, родителите и локалните институции во Општина Аеродром.

Мерки:

1. Едукација на ученици и млади за препознавање и заштита од кибернасилство.
2. Подигнување на јавната свест за последиците од дигиталното насилство.
3. Јакнење на локалните капацитети за справување со случаи на дигитално вознемирување.

Активности: Организирање едукативни сесии за млади во основните училишта

Реализација на работилници и предавања со ученици и наставен кадар (возраст 12–15 години) за:

- Што е кибернасилство?
- Како да се препознае?
- Каде и како да се пријави?
- Како да се заштитат (приватност, безбедно користење на социјални мрежи)?

**Временски период:** Тековната 2026

**Резултат/индикатори:** Број на обучени ученици во 8 училишта во 8. и 9. одделение.

Носители на активностите:
Помлад соработник за родова еднаквост
Интерсекторска група за родова еднаквост
Комисијата за еднакви можности

- Локални училишта
- Здруженија што работат на теми од родова еднаквост, дигитални права и заштита на деца

**Буџет:** 250.000,00 денари

**ЦЕЛ 2: Поддршка на механизми за заштита на жени жртви на родово базирано насилство**

Подобрување на пристапот до помош и поддршка за жените жртви на родово базирано насилство.

**Мерки:** Финансиска и програмска поддршка на постојни сервиси и активности за превенција и заштита.

**Активности:**

1. Поддршка на СОС-линии и советувалишта за жени жртви на насилство.
2. Заеднички акции и интервентни механизми со здруженија.
3. Организирање едукативни и инфосесии за граѓаните.

**Временски период:** Континуирано во текот на 2026 година.

**Резултати / индикатори:**

- Број на поддржани жртви од територијата на општината.
- Вклученост на жени во советувалишта.
- Број на инфосесии и нивна посетеност.

**Носител на активноста:** Помлад соработник за родова еднаквост, КЕМ, во соработка со граѓански организации.
**Буџет:** 250.000,00 денари.

**Цел 3: Изработка на акциски план за родова еднаквост (2026 – 2029)**

Изработка на стратегиски документ што ќе ги дефинира приоритетите и активностите за унапредување на родовата еднаквост во Општина Аеродром за периодот 2026 – 2029.

**Мерки:** Воспоставување стратегиска рамка преку инклузивен и консултативен процес.

**Активности –** Изработка и усвојување на Акциски план 2026 – 2029.

**Временски период** – Во тековната 2026 година.

**Резултати / Индикатори –** Донесен и јавно објавен Акциски план.

**Носител на активноста**

- Помлад соработник за родова еднаквост
- Интерсекторска група за родова еднаквост
- Комисијата за еднакви можности
- Со поддршка од UN Women

**Буџет:** 0

Процесот на мониторинг на Програмата од областа на родовата еднаквост на Општина Аеродром за 2026 год ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот ќе го врши интерсекторската група за родова еднаквост преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребливите ресурси и потрошените финансиски средства.

Преку мониторинг на активностите ќе се обезбедат навремени и корисни информации за анализа на состојбата, искористеност на ресурсите, идентификување на проблемите со кои се соочува проектот и наоѓање соодветни решенија, потенцијални проблеми, обезбедување навремено спроведување на активностите и утврдување на најефикасниот начин за негова реализација.

За мониторинг на Програмата од областа на родовата еднаквост на Општина Аеродром за 2026 год ќе се користат следниве инструменти:

- Редовни состаноци со итерсекторската група за родова еднаквост и КЕМ;
- Усна и писмена комуникација;
- Извештај за реализирани активности;
- Годишен извештај.

Претседател на
Совет на Општина Аеродром
Сузана Павловска